# -ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Оддел за административни и помошно-технички работи

**Архивски број :04-2715/2**
**Датум: 17.03.2026**

Врз основа на член 197 став 3 и став 4, член 211 став 1 и 2 и член 212 став 3 и 13 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.32/24 и 192/25), а во врска со член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр.143/19, 14/20 и 208/24), и Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Службен весник на РСМ бр.242/24), а по добиено Известување за обезбедни финансиски средства бр.19-1201/2 од 23.02.2026 година од Министерството за финансии, Правилникот за систематизација на работните места на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес бр.02-847/5 од 28.06.2019 година; и Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес 02-1612/2 од 27.11.2019 година; 02-6011/2 од 29.12.2020 година; 02-215/2 од 31.01.2023 година и 02-59/2 од 05.01.2024 година , ВД Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС број 01/2026
за вработување на две (2) лица даватели на јавни услуги за следното работно место

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес, објавува јавен оглас за вработување на две (2) лица даватели на јавна услуга на неопределено време на следната позиција:

1. **Тријажер – Стручен службеник од петто ниво,** шифра на работно место СО30303А05028 , **два (2) извршители** во Служба за права на парична помош

**<u>1. За работно место 1 - Тријажер – Стручен службеник од петто ниво</u>**, за ниво А5 кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес и Законот за социјална заштита.

Општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева" број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk

- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Секој кандидат треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес:

- За Тријажер – Стручен службеник од петто ниво, стекнати **најмалку 180 кредити** според ЕКТС или завршен **VII/1** степен, без или со работно искуство од најмалку една година, вид на образование – Социјална работа и социјална политика
- **Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење**

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво се:**

- Решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Стратешка свест,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

**Работното време:** понеделник до петок, од 07:30 до 15:30, 40 часа неделно

**Основна нето месечна плата:** 37.506,00 денари

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес или да се симне од интернет страната на установата https://jumcsrveles.gov.mk

Кандидатот при поднесување на пријавата потребно е да го користи образецот на пријавата во спротивно неговата пријава ќе биде отфрлена.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk

-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Оддел за административни и помошно-технички работи

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува **5 (пет) работни дена** , сметано од денот на објавување на јавниот оглас. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Постапката по јавниот оглас се содржи во две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју. За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува. Кандидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги формирана од страна на директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги доставaт потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство
- Доказ за општата здравствена способност
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност
- Доказ за соодветно работно искуство
- Доказ – Диплома / Уверение за завршено образование
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Овој јавен оглас се објавува истовремено во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на веб страницата и на огласната табла на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес.

Пријавата со потребната документација треба да се достави преку архивата на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес на ул.„Нада Бутникошарова„ бр. 3 Велес, до Одделот за административни и помошно-технички работи – Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги, со назнака за јавен оглас 01/2026.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

ЈУ Меѓуопштински центар за
социјална работа – Велес
**ВД Директор**
**Бобан Нецинов**


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk